Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-565/2
30-11-2022 Година

Постапувајќи по претставката бр. 08-565/1 од 04.11.2022 поднесена од лицето [redacted] против Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 23.11.2022 го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за отфрлање на претставка

**СЕ ОТФРЛА** поднесената претставка за заштита од дискриминација заради немање на активна легитимација.

### Образложение

На 04.11.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] против Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер врз основа на етничка припадност и јазик во областа на работа и работни односи.

Во поднесената претставка подносителот [redacted] наведува дека Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер на 16.09.2022 година објавила оглас за двајца кандидати, еден советник за преводи на англиски јазик и еден помлад соработник за работа на проекти. Во огласот Агенцијата, се повикала на член 23 од Законот за работни односи во кој е наведено дека во рок од 45 дена треба да се изберат кандидати или да се информираат за постапката. Подносителот наведува дека за местото број 2 помлад соработник за работа на проекти, истото не е испочитувано од страна на Директорката на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер [redacted]. Подносителот во претставката наведува дека за кандидатот број еден е одлучено бидејќи по националност е Македонка а за вториот кандидат, единствена што ги исполнува условите е Албанка и без никаква причина не е одлучено.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по разгледувањето на наодите од претставката, констатира дека во конкретниот случај не може да постапува по поднесената претставка затоа што подносителот не го исполнил членот 23 од Законот за спречување и заштита од дискриминација според кој физичко лице не може во име на друго физичко лице да поднесе претставка до Комисијата. Имено, во членот 23 став 2 јасно е наведено дека лицето кое смета дека е дискриминирано пред Комисијата може да биде застапувано од страна на

здружение, фондација или синдикат со претходно дадена согласност, што не е случај во конкретниот предмет. Комисијата смета дека подносителот нема активна легитимација да поднесе претставка во туѓо име без да биде овластен за истото и дека лицата кои што сметаат дека се дискриминирани треба лично или преку овластено лице да се обратат во Комисијата.

Понатаму, подносителот не го исполнува ниту ставот 3 од истиот член, во кој покрај другото е наведено дека здруженија, фондации, синдикати или други организации од граѓанското општество и институции можат да поднесат претставка до Комисијата доколку имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација.

Поднесувањето на претставка од страна на [redacted] во име на друго лице, во конкретниот случај, не спаѓа под ниту еден од ставовите наведени во член 23 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и истата се отфрла заради немање активна легитимација.

Заради сето горе наведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје 30.11.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
2.Архива на КСЗД